СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продлолжение на Деввдесет и шестата седница на

Собранието на

Република Македонија, одржана на 2 јули 1998 година

Скопје,   јули 1998 година

**ДЕВЕДЕСЕТ И ШЕСТА (96) СЕДНИЦА, 1 ПРОДОЖЕНИЕ, ОДРЖАНА НА 2.07.1998 год.**

**1. АРСОВСКИ БРАНКО 31 Т.10 (пр. избор на претсед.О.суд во Прилеп) – стр. 2**
**2. АБДИ ФАИК 51, 52 Т.11 (избор на судии во Скопје, Гевгелија и Прилеп ) – стр.3**
**3. ЗИБЕРИ НАСЕР (Мин, за труд и соц. пол.) 13, Т.12 (пр. одлука) – стр. 4**
**4. ИВАН0В ЉУБИСАВ 26, 42 Т.20 ( ) – стр. 5**
**5. К0ЦЕВСКИ АЦЕ 23 Т.23 ( ) – стр. 5**
**6. МИН0В ПАНЧО 28, 43, 45, 53 Т.24 ( ) – стр.6**
**7. НАУМ0ВСКИ ВАНЕ 2, 39, 50 Т.14 ( ) – стр.7**
**8. ПЕТК0ВСКИ ТИТ0 (ја води седницата) 1 Т.15 ( ) - стр. 8 (повлечена)**
**9. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА (заи.иин.за фин.) 24, 32, Т.16 ( ) - стр. 8**
**35, 36, 37, 38, 47, 49, 55;**
**10. С0К0Л0ВСКИ ВЛАДИМИР 27, 28, 34 Т.17 и 18 ( ) – стр. 9**
**11. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 36, 38 Т.19 ( ) – стр.10**
**12. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО 48 Т.21 (автен. толку) – стр.10**
**13. СТ0ЈАН03СКИ ТОМИСЛАВ 54 Т.22 (пр. одлука) – стр. 11**
**14. ЏАФЕР0ВСКИ АЛИЛ 1, 8 Т. 1 ( Интерпелација на Насер Зибери**
**15. ШАПУРИК ЗОРАН мин. за труд и соц. поли) – стр 12**
**Интерпелацијата е прекината**
**Т. 3 (пр. за донесување зак. за откуп на**
**Побарување на правните лица од РМ од**
**Ирак и Кувајт од страна на РМ, со Предлог**
**На закон) – стр. 23**

**СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Првото продлолжение на Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 јули 1998 година**

Седниата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија,со почеток во 12,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благоја Стефановски, Душан Данев, Борис Павлов, Димче Настоски и Никола Г. Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ве молам, само да Ве потсетам, вчера се договоривме заради ургентноста на некои одлуки за распишување на огласи за избор на судии и јавни обвинители да ги поминеме, ако немате ништо против, па после да одиме на првата точка од дневниот ред.

Деловничка интервенција бара господин Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би сакал да Ве замолам, покрај овие одлуки и сите предлог - одлуки од Комисијата за избори и именување и од предлозите доставени од господинот Шапуриќ и мои да поминат, заради тоа што, веројатно оваа седница ќе се оддолжи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали се согласувате? (Се согласуваме).

Деловничка интервенција бара господин Ване Наумоски.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Нешто во истиот контекст како колегата Џаферостки предлага, само јас по други две точки, тоа се точките 4 и 5.

Со оглед на фактот и потребата, бидејќи точката 4 е измена на Законот за сметководство, денеска сме 2 јули фактички период на поднесување на завршни сметки, а дел на измени на оваа материја опфатена во Законот за сметководство го регулира и тоа.

Предлагам оваа точка да се разгледа по итно.

Наредната точка е точката 5 - измени на Законот за вработување. Бидејќи се работи за исто така измена што е битна, а во интерес и на оние кои сакаат да вработат нови лица, и те како се заинтересирани, предлагам, бидејќи сметам дека интерпелацијата ќе оди подолго време како точка на дневен ред, овие точки да добијат приоритет, доколку се согласи и претставникот на Владата и колегите пратеници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не. Добро, во секој случај мислам дека се согласивме за овие предлози на одлуки и на Комисијата за избори и именувања, ќе одиме после на интерпелацијата, веројатно не очекувате да трае два дена седницата по интерпелацијата. Така што, ќе ги апсолвираме побрзо прашањата.

Минуваме на точката 10 - Предлог за избор на претседател на Основниот суд во Прилеп.

Предлогот за избор и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на претседател на Основниот суд во Прилеп го

ставам на гласање.
Кој е за прелдогот, молам да крене рака? (61 пратеници).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).
Констатирам дека Стеван Стојчески е избран за претседател на Основниот суд во Прилеп.
На господин Стојан Стојчески, му го честитам изборот и му посакувам успешна работа.
Минуваме на точката 11 - Предлог за избор на судија на Основните судови Скопје II - Скопје, Гевгелија и Прилеп.
Предлогот за избор на судии и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес. Молам кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот Соња Кочовска да биде избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје, го ставам на гласање.
Кој е за предлогот, молам да крене рака? (60 пратеници).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Соња Кочовска, е избрана за судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.
Предлогот Љубе Трајчески да биде избран за судија на Основ ниот суд - Гевгелија, го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (59 пратеници).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Љубе Трајчески, е избран за судија на Основниот суд - Гевгелија.
Предлогот Ѕвонко Младенооки да биде избран за судија на Основниот суд - Прилеп, го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (59 пратеници).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Ѕвонко Младеноски е избран за судија на Основниот суд - Прилеп.
На избраните судии им го честитам изборот во Ваше и мое име и им посакувам успешна работа.
Минуваме на точката 12 - Предлог на одлука за огласување именување на заменик на Основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Куманово.
Преддогот на одлуката Ви е доставен.
Отворам општ претерс. Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.
Отворам претерс по текстот на Предлогот на одлуката.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Кој е за, молам да крене рака? (59 пратеници).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Очигледно дека некој не гласал.
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и именување на заменик на Основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Куманово.
Минуваме на точката 20 – Предлог - одлука за огласување и избор на судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.
Предлогот на одлуката Ви е поделен.
Отворам општ претерс. Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Преддогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.
Минуваме на точката 23 - Предлог на; одлука за огласување и именување заменик на Основниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство - Берово.
Предлогот на одлуката Ви е поделен.
Отворам општ претерс. Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој  не бара збор, го заклучувам општиот претрес.
Отворам претрес оп текстот на Предлогот на одлуката.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување и именување заменик на Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство - Берово.
Минувамег на точката 24 - Предлог на одлука; за огласување и именување заменици на основните јавни обвинители на Основното јавно обвинителство во Струмица и во Основното јавно обвинителство во Штип.
Предлогот на одлуката Ви е поделен.
Отворам општ претерс. Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.
Отворам претрес оп текстот на Предлогот на одлуката.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеници).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување именување заменици на основните јавви обвинители во Основното јавно обвинителство во Струмица и во Основното јавно обвинителство во Штип.
Минуваме на точката 13 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Одборот за меморијалниот простор во зградата на Собранието на Република Македонија.
Предлогот на одлуката Ви е поделен.
Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претесот и Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.
Кој е за,молам да крене рака? (     пратеници).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Одборот за меморијалниот простор во зградата на Собранието на Република Македонија.
Минуваме на точката 14 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Општинска аптека - Кочани.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој^бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака? (60 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Општинска аптека - Кочани.

Минуваме на точка 15 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Академик Проф. д-р Димитар Арсов" - Крива Паланка.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор господин Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Поради направен пропуст во Предлогот на одлуката, оваа Предлог - одлука ја повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Минуваме на точката 16 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Охрид.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар – Охрид.

Предлог на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (62 пратеници).

Дали има некој против нема? (нема.

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар – Охрид.

Минуваме на точката 17 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за физикална медицина и рехабилитација - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака? (61 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за физикална медицина и рехабилитација - Скопје.

Минуваме на точката 18 - Предлог на одлука за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување директор на ОЗТ Институти и РО Медицински факултет - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака? (61 пратеник).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување директор на ОЗТ Институти РО Медицински факултет - Скопје.
Минуваме на точката 19 – Предлог - одлука за избор на претседател и членови на Советот на Научно - културните средби "Десет дена Крушевска Република".
Предлогот на одлуката Ви е поделен.
Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.
Кој е за,молам да крене рака? (60 пратеници).
Дали има некој против? (1 пратеник).
Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател и членови на Советот на научно - културните средби "Десет дена Крушевска Република".
Минуваме на точката 21 - Барање за давање автентично толкување на член 17 од Законот за радиодифузна дејност, поднесен од Советот за радиодифузија.
Барањето и Извештајот на Законодавно - правната комисија Ви се поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:
Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 17 од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" број 20/97) поднесена од Советот за радиодифузија не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на РМ.
Овој заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Советот за радиодифузија.
Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (52 пратеници).
Дали има некој против? (Нема).
Дали има воздржани? (Нема).
Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.
Минуваме на точка 22 - Предлог на одлука за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.
Предлогот на одлуката Ви е поделен.
Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.
Дали некој бара збор? (Никој)
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за молам да крене рака: (54 пратеници).
Дали има некој против? (1 пратеник).
Кој се воздржува од гласање Ве молам? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Се враќаме на точката 1.

Интерпелација за работа на членот на Владата на Република Македонија и министер за труд и социјална политика, господин Насер Зибери.

Интерпелацијата Ви е доставена.

Отворам претрес. Дали некој од подносителите сака да ја образложи интерпелацијата? (Не).

Јас имам деловничка обврска да прашам дали некој од подносителите сака да ја образложи интерпелацијата? (Не).

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Има збор господин Зибери, член на Владата на Република Македонија и министер за труд и социјална политика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Дозволете ми, по повод покренувањето на Интерпелацијата на Пратеничката група на Либерално - демократската партија, а во врска со мојата работа да го изнесам следното:

Сите промени што се случија во општествено-економскиот развој се одразија и на пензискот систем пред се во намалувањето на изворите на приходите. Главни причига за тоа беа неповолните движења во стопанството и почетокот на транзицијата кон пазарно стопанство. Во вакви услови се зголемува бројот на ликвидираните претпријатија што предизвика намалување на бројот на активните осигуреници, платите на вработените не се исплатуваа подолг период, а со тоа не се обезбедуваше и редовна наплата на придонестие. Во такви услови се зголеми интересот и за остварување право на пензија. Тоа беа причините за намалување на бројот на осигурениците од една страна зголемување на бројот на пензионерите од друга страна што доведе до надгледување на соодносот помеѓу осигурениците и пензионерите. Овие состојби предизвикаа намалување на приходната и зголемување на расходната страна на Фондот и висок степен на неликвидност на Фондот во исплатата на пензите. Поради финансиските проблеми на крајот на 1993 година Фондот ги исплати пензиите заклучно со октомври, а дефицитот изнесуваше 2 милијарди 451 милион денари.

Од таа година започна селективно исплатата на пензиите во три групи. Во вакви услови беше неминовна потребата од финансиско консолидирање на Фондот, пред се, да не се зголеми доцнењето во исплатата на пензиите и постепено да се надмине проблемот на дебалансот помеѓу приходите и расходите.

За подобрување на состојбата, беа преземени повеќе мерки во континуитет почнувајќи од 1993 година, заклучно со 1996 година од страна на Владата на Република Македонија. На крајот на 1993 година беше зголемена стапката на придонес од 18% на 20%, започна усогласување на пензиите како и платите на вработгените со дел од порастот на трошоците за период од една година што беше регулирано со посебен закон и беше воведено учество од 9.18% од акцизите на нафтените деривати како дополнителни средства на Фондот на пио.

Меѓутоа, посуштинска реформа на пензискиот систем прилагоден на општествено - економските услови во државата беше направена со донесувањето на Законот за пензиско и инвалидско осигурување што се применува од 1 јануари 1994 година. Со овој закон беа преземени повеќе рестриктивни мерки за остварување на правото на пензија меѓу кои најзначајни се зголемување на старосната граница од 60 на 63 години за мажи и од 50 на 60 години за жени, пресметување на пензиската основа од платите од вкупниот работен стаж наместо од најповолните 10 години, намалување на процентот за определување на пензија од 85% на 80%,

напуштање на институтот докуп на стаж како можност за предвремено пензионирање и.т.н.

Рестриктивни измени на законот беа извршени и во 1995 година, со што продолжи намалувањето на социјалните елементи од системот. Од системот на пензисикото и инвалидското осигурување изоставено беше правото на паричен надоместок за помош и нега како и правото на користење на средства за општествен стандард на корисниците на пензија и правото на користење на средства за унапредување на инвалидската заштита. Со истиот закон беше предвидено средства за паричните надомстоци по основ на преостаната работна способност да ги обезбедува работодавецот, усогласувњето на пензите да се врши според растот на платите во нестопанството во Републиката, трошоците за исплата на пензијата да бидат на товар на корисниците на пензија и друго.

Со цел да се забрза процесот на елиминирање на тековниот дефицит на Фондот, на крајот на 1996 година беа направени измени и дополнување на Законот, кои стапија во сила од 1 јануари 1997 година. За да се постигне поголема усогласеност помеѓу валоризационите коефициенти кои се користат за пресметување на пензиската основа и усогласувањето на пензиите, се изврши измена на мерилото за престанување на валоризационите коефициенти. Наместо просечната плата на сите вработени во Републиката, се зема просечната плата во нестопанството. Извршено е намалување на најниските износи на пензија со цел за нивно правилно димензионирање врз начелото на социјална праведност и обезбедување минимум на материјална и социјална сигурност. Беше одлучено највисокиот износ на пензија да се определува според просечната плата од нестопанството со цел да се обезбеди усогласеност на сите институти што влијаат врз нивото на пензијата. Поради истите причини беше одлучено да како критериум за определување на паричниот надоместок за телесно оштетување служи просечната плата во нестопанството.

Со сите преземни мерки во периодот од 1993 година до 1996 година беа постигнати позитивни ефекти во однос на финансиската консолидација на Фондот, односно намалување на дебалансот помеѓу тековните приходи и расходи. Намален беше приливот на нови корисници на пензија и нивото на пензијата со што се намали потрошувачката за пензиското и инвалидското осигурување. Во 1994 година и 1995 година се вршеше редовна исплата на пензиите без пролонгирање на роковите на исплатата, а во 1996 година започна исплатата на заостанатата пензија. Во истата година на корисниците на пензија им беа исплатени седум дванаесетини од заостанатата пензија на кој начин се скрати рокот во доцнењето на исплатата на пензиите. Тековниот дефицит беше намален од 2451 милиони денари во 1993 година на 598 милиони денари на крајот на 1996 година, кој главно произлезе од проблемите во наплатата на придонесите и намалувањето на бројот на осигурениците.

За финансикото работење на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување во 1997 година од посебно значење беше определбата во Макроекономската политика на Републиката за продолжување на финансиската консолидација на Фондот, односно постигнување тековен баланс помеѓу приходите и расходите.

За таа цел беа реализирани повеќе мерки. Беа предвидени дополнителни средства од Буџетот на Репуликата во износ од 1300 милиони денари од кои 550 милиони денари за исплата на петте дванесеттини од заостанатата пензија. Најголем ефект за подобрување на финансиската состојба на Фондот имаше донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиско работење кој стапи во сила на 17 јули 1997 година. Со него се обезбеди наплата на поголемиот дел од заостанатите придонеси.

Исто така, се воспостави и мехнизам за поефикасна наплата на тековниот придонес за пензиско и инвалидско осигурување најдоцна до 25-ти во месецот за минатиот месец. По овој основ Фондот оствари приходи во износ од 1245 милиони денари и редовна тековна наплата на придонесите зголемена за околу 100 милиони денари месечно.

Како резултат на овие мерки и на мерките што во континуитет се преземаа од 1994 година наваму, беа постигнати значајни ефекти за финансиската состојба на Фондот. На 1-ви септември 1997 година Фондот ги врати сите банкарски позајмици и ги измири сите обврски кон Фондот за здравство. Така, почнувајќи од септември Фондот од приливот на средствата во текот на месецот ги извшува сите обврски за исплатата на пензиите, односно не пренесува обврски во наредниот месец. Исплатата на пензиите се вршеше во предвидените рокови и целосно се заврши исплатата на петте дванаесетини од зостанатата пензија, со што се скрати рокот на исплатата на пензиите и започна да се врши исплата на пензиите во тековниот за претходниот месец на ист начин како и платите на вработените. Така, во 1997 година Фондот остварил тековен баланс за прв пат после 8 години, односно вишок на приходи над расходи од 620 милиони денари.

Исто така, со Буџетот на Фондот за 1998 година се предвидени избалансирани приходи и расходи, на што, од аспект на Фондот, влијаат мерките за поттикнување и зголемување на вработеноста во стопанството и мерките за обезбедување на ефикасност во наплатата на придонесите.

Хронологијата на настаните во врска со прашањето околу усогласувањето на пензиите за т.н. 8%, започна со донесувањето на одлуката на Уставниот суд објавена на 30 декември 1994 година во "Сл. весник на РМ" бр. 70/94 година, со која одлука беше укинат членот 6 од Законот за исплата на плати и пензии.

Споменатиот закон беше донесен во декември 1993 година ("Службен весник на РМ" бр. 78/93), и целта на донесувањето на овој закон пред се беше усогласувањето на пензиите да се .врши на ист начин како и зголемувањето на платите во Републиката, прилагодувајќи ги пензиите и платите на општествено - економските прилики на државата. Имено според членот 5 нето платите за месец декември 1993 година се исплатуваа најмногу во висина од 92% од правата (просечната месечна нето плата за период август - септември 1993 година, зголемени со трошоците на животот за период октомври – декември, во однос на септември 1993 година).

Исто така, според членот 6 на истиот закон и пензиите за месец декември 1993 година се усогласија со 92% од правото согласно членот 37 од Законот во ПИО (пораст на платите во ноември во однос на октомври 1993 година). Примената на оваа законска одредба се однесува само на усогласувањето на пензиите, а не и на намалувањето на нивото на пензиите определени според стажот и платите како што во јавноста понекогаш се коментира.

Меѓутоа, корисниците на пензија поведоа постапка за оценување на уставноста на членот 6, која одредба Уставниот суд во декември 1994 година ја укина.

Веднаш по објавувањето на Одлуката на Уставниот суд токму заради фактот дека се работи за конечни и извршни одлуки на Уставниот суд, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија по службена должност без донесување на решенија ја примени одлуката на Уставниот суд. Со одлуката на Уставниот суд членот 6 се укина, а не се поништи со што не се поништуваат и правните последици што ги предизвикал членот 6.

Во таа смисла Фондот на достигнатото ниво на пензиите продолжи истите да ги усогласува според членот 37 од Законот за ПИО и пензиите од 1 јануари 1998 ги усогласи за 3,82% со првата исплата на пензиите од 1 јануари 1995 година.

Корисниците на пензија незадоволни од начинот на примената на Одлуката на Уставниот суд поднесоа барање тоа право да го остварат во управна постапка кое не им беше спречено, иако по правило за усогласување на пензиите не се донесува решение, туку истата се врши по службена должност. Овие барања, Фондот ги одби како неосновани во прв и втор степен со образложение дека одлуката на Уставниот суд од страна на Фондот е правилно применета, која одлука по својата природа е укинувачка. Корисниците на пензија и понатаму незадоволни поведоа Управен спор пред Врховниот суд на Република Макеоднија, кој тужбите на корисниците на пензија ги уважи не одлучувајќи мериторно, туку предметот го врати на повторно разгледување и одлучување на Фондот.

Во таа постапка согласно законската регулатива Фондот ја повторува постапката со истакнување на нови елементи, заради конечно заокружување на ова прашање кои не биле земени предвид при одлучувањето на судот.

Покрај повторување на постапката Фондот користи и други правни механизми како што е покренување на иницијатива за заштита на законитоста која беше прифатена од Јавниот обвинител на Република Македонија, како и иницијатива до Собранието на Република Македонија за автентично толкување на членот 37 на Законот за ПИО, а во врска со членот 5 и 6 од Законот за исплата на плати и пензии.

Истовремено Фондот поднесе и иницијатива за оценка на уставноста на членот 5 од Законот за исплата на плати и пензии.

Од сите напред преземени дејствија се истакнува дека Врховниот суд на Република Македонија го одби барањето на Јавниот обвинител на Република Македонија против пресудата на Врховниот суд на Република Македонија како неосновано, поради што повторно се актуализираше прашањето за усогласувањето на пензиите за т.н. 8%.

Во меѓувреме од страна на двајца пензионери е покрената иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на автентичното толкување на членот 37 од Законот за ПИО дадено од овој дом.

Во меѓувреме Собранието на Република Македонија даде автентичното толкување на членот 37 од Законот за ПИО, според кое (септември 1997) членот 37 треба да се толкува така што во случај на ограничување на платите, порастот на пензиите ќе биде лимитиран со порастот на платите. Имајќи го предвид ова толкување, Фондот барањата за зголемувањето на пензијата и понатаму ги одбива како неосновани, а пензионерите ја продолжија постапката пред Врховниот суд на Република Македонија и истата се уште е.во тек.

Лред да се произнесат надлежните институции по ова прашање. Сојузот на пензионерите предлага спгодбено решение со зголемување на пензиите само за 8% од сега натаму, а решение за исплата на разликите за изминатиот период (од ноември 1994 година) да се бара понатаму.

Прифаќањето на овој предлог би претставувало одземање на правата на корисницитге на пензија, кои права се лични и материјални и истите може да престанат или да се ограничат само во случаи и услови предвидени со Закон. Ова значи дека во име на корисникот на пензија не може друг да одлучува и да прави компромиси наместо него, како тоа право ќе се остварува, кога тие права не само што се утврдени со закон туку со закон е утврдена и постапката за нивното остварување.

Од изнесеното, евидентно е дека ова прашање е третирано со најголема сериозност од сите аспекти, при што посебно сакам да истакнам дека правата од пензиското и инвалидското осигурување се остваруваат со почитување на законската регулатива и спроведување на Одлуките на Уставниот суд, а со тоа и почитување на највисокиот акт на Уставот на Република Македонија. Спротивното постапување во остварувањето на овие права би претставувало непочитување на институциите на системот. Ова, исто така би значело

непочитување на даденото автентично толкување од овој Дом, кое толкување исто така има сила на закон.

Од тука се поставува прашање дали е можно пред да се завршат покренатите постапки пред највисоките судски инстанци Уставниот суд и Врховниот суд, да се изврши усогласување на пензиите т.н. 8%, без конечна судска одлука.

Затоа поднесената Интерпелација за неприменување на одлуките на Уставниот суд ја оценувам како сосема беспредметна и неоснована.

2. Во врска со превземањето мерки и активности за склучување на меѓународни договори за социјално осигурување, одговорот е следниот:

Со Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, Република Македонија ги презеде сите билатерални договори за социјално осигурување кои поранешна Југославија ги склучила.

Со ова се обезбеди континуирана примена на Конвенциите и во новите услови во кои се најде Република Македонија и непречена исплата на правата во областа на пензиско и инвалидско осигурување, осигурување во случај на невработеност, додаток на деца и др.

Се оценува потребата и интересот за обновување на веќе склучените договори во кои како меѓународен правен субјект при договорањето ќе се јави Република Македонија, како и нови договори за кои Република Македонија има интерес.

Постапката за склучување на овие Меѓународни договори по правило е долготрајна и сложена бидејќи се работи за долгорочни материјални давања, а исто така зависи од интересот и расположението на другите држави договорнички како и правните прописи на двете држави кои се однесуваат на ратификација на договорите.

Билатералната соработка во склучувањето на овие договори во зависност од фазата во која се наоѓа е следната:

По неколку круга на преговори Република Македонија потпиша договор за социјално осигурување со Република Хрватска, а стапи во сила на 1.11.1997 година и со Република Австрија која стапи на сила на 1.04.1998 година.

Заедно со овие Договори се потпишани Административни спогодби со кои се овозможи непосредна примена на договорите, се изготвени двојазични обрасци и надлежните носители веќе ги применуваат овие договори и осигурениците и корисниците ги остваруваат своите права.

Со неколку држави Република Македонија водеше преговори што резултираше со конечно усогласување на текстовите и парафирање на Договорите за социјално осигурување и Административните спогодби и се чека на нивна ратификација од страна на двете држави договорнички.

Со Швајцарија Договорот и Административната спогодба се парафирани на 11.04.1997 година.

Со Турција двата билатерални документи се парафирани на 10.11.1997 година, а потпишувањето на истите е договорено при посетата на премиерот на Република Турција што треба да следи овие денови.

Со Република Словенија Договорот и Административната спогодба се парафирани на 22.05.1998 година, а се очекува да бидат потпишани во јуни 1998 година, при посетата на претседателот на Владата на Република Македонија на Република Словенија.

Карактиристично за овие преговори беше тоа што траеја подолго време поради повеќе отворени прашања по кои не можеше да се постигне целосна согласност меѓу двете држави.

Оценувајќи го интересот за склучување на нови меѓународни Договори Република Македонија покрена иницијатива за водење преговори и за таа цел подготви и достави Нацрт - договори , и за неколку други земји.

Со СРЈ се одржани две средби на делегациите на двете држави, на кои е разгледуван и утврдуван текстот на Договрот, при што се усогласени скоро

сите одредби освен одредбите од пензиското и инвалидското осигурување кои се однесуваат на надоместување на трошоците на веќе исплатените пензии. Имено по прекин на платниот промет СРЈ ја презеде исплатата на корисниците на македонски пензии кои живеат на територија на СРЈ, а од друга страна Република Македонија ја презеде исплатата на корисниците на пензија од СРЈ кои живеат на територија на Република Македонија. Македонскиот интерес е со одредбите на Договорот да се создаде правен основ, Фондовите на ПИО на двете држави да извршат пресметување и надоместување на веќе исплатените пензии кој предлог не беше прифатен од југословенската страна.

Со цел да се завршат преговорите и да се надминат спорните прашања, македонската страна неусогласеното прашање околу надоместувањето на трошоците за неисплатените пензии го вгради во Спогодбата за сукцесија со поранешна Југославија.

Тоа значи, во зависност од предлог спорното прашање да се решава во рамките на другите спорни прашања поврзани со сукцесијата, очекуваме повторно произнесување на југословенската страна на преговорите што веќе се укажани за 13 и 18 јули и доколку македонскиот предлог се прифати не постојат никакви пречки, односно текстот на договорот може да биде прифатен и потпишан.

Со Данска, во месец мај оваа година беа одржани преговори на кои беше разгледуван текстот на Договор за социјално осигурување при што беше договорено наредните преговори да се одржат во првите денови на месец септември 1998 година на кои може да се очекува да дојде до усогласување и парафирање на Договорот.

Освен со овие држави, од Македонска или друга страна покренати се иницијативи подготвени и доставени Нацрт - договори со Полска на 17.12.1996 година и со Бугарија на 1.08.1996 година, а во тек е подготовка на Нацрт Договор за социјално осигурување со Канада и Квебек и е во тек постапка на договор на термините за преговори.

Од билатералните договори помеѓу двете држави воопшто и покрај неколкуте иницијативи за забрзување на постапката за отпочнување на преговорите со бугарската страна конечно прифатена е и во ноември 1998 година ќе започнат преговорите за склучување на ваква конвенција. Во тек е и постапка на разгледување на Нацрт текстови на договори кои беа доставени до Чешка и Босна, а по добивање на мислење и ставови од надлежните македонски носители ќе бидат договорени термини за започнување на преговорите за усогласување на текстовите.

Во зависност од текот и исходот на веќе отпочнатите преговори со повеќе држави ќе продолжи и понатаму иницијативата за склучување на билатерални договори и со другите држави.

Од досега изнесеното произлегува дека во текот на изминатите години надлежните министерства (Минситерството за труд и социјална политика и Минситерството за здравство) и надлежните носители (Фондот за ПИОМ и Фондот за здравство) превземаа континуирани активности во врска со склучување на меѓународни билатерални договори за социјално осигување.

И на крајот треба да се има предвид и фактот дека не е доволна само иницијатиова на една држава туку е условено и од интересот на материјалните обврски на едната кон другата држава, како и пропишаните норми во поглед на начин и постапката за ратификација на вакви договори.

И во овој дел поднесената Интерпелацијаја сметам како беспредметна и неоснована.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани дами и господа, за да можеме со должна почит и внимание да ги разгледаме

аргументите што ни ги понуди г-динот Зибери што е негова деловничка обврска, барам во име на пратеничката група пауза од 1 час од моментот кога ќе го добиеме стенограмот со текстот на излагањето на г-динот Зибери.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да ви предложам, г-дине Коцевски додека да се подготви стенограмот и да се подели, предлагам да продолжиме по другите точки, а после можеме да дадеме пауза за да го проучите стенограмот.

Дали се согласувате (се согласуваат).

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за откуп на побарувањата на правните лица од Република Македонија од Ирак и Кувајт од страна на Република Македонија, со Предлог н закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доствени, односно подлеени.

Отоврам претрес по предлогот за донесување на закон. Молам, кој бара збор?

Има збор ѓ-ѓа Славјанка Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

**ЕКСПОЗЕ**

**по Предлогот за донесување на Закон за откуп на побарувањата на правните лица од Република Македонија од Ирак и Кувајт, од страна на Република Македонија, со Предлог на закон**

Дами и господа, почитувани пратеници, на денешната седница е Предлог на закон кој е од исклучително значење за претпријатијата од Република Македонија кои повеќе години наназад, без своја вина, се наоѓаат во незавидна економско - финансиска состојба.

Имено, со војната во Заливот и блокадата на меѓународната заедница кон Ирак, наплатата на побарувањата од Ирак стана крајно ризична и за догледен период неостварлива. Ваквата состојба неповол но се одрази врз економско-финансиската состојба и ликвидноста на претпријатијата од Република Македонија кои изведуваа инвестициони работи и извезуваа стока во Ирак.

Заради ублажување и евентуално надминување на настанатите состојби, Владата на Република Македонија презеда повеќе активности и мерки, и тоа:

На седницата одржана на 15.08.1991 година, тогашната Влада до СОК испрати свој заклучок со кој што е известена да не врши плаќање

на настанатите обврски од Ирак се до наплатата на побарувањата што ги имаат остварено претпријатијата од Република Македонија од работењето во Ирак по проектот "946". Истовремено, на деловните банки во Републиката им е препорачано да го продолжат рокот на враќање на одобрените кредити до наплатата на побарувањата по проектот "946";

Се донесе Одлука за определување на земјите од кои наплатата на побарувањата е оневозможена или отежната и на субјектите кај кои наплатата е оневозможена или отежната, со која ги определи земјите (Ирак и Кувајт) од кои наплатата на побарувањата е отежната, како и претпријатијата и износите на ненаплатени побарувања за кои нема да се поднесува пријава за покренување на стечајна постапка. Согласно Одлуката, а врз основа на документација на претпријатијта, не наплатените побарувања се утврдени на износ од 257,7 милиони САД долари;

- секоја година, почнувајќи од 1992 година, од Буџетот на Републиката се насочуваат средства за откуп на побарувањата од Ирак. Висината на овие средства се утврдува секоја година во Буџетот, а понатаму зависно од билансите, можностите на земјата. Заклучно со 1997 година за оваа намена од Буџетот на Републиката се исплатени 15,5 милиони САД долари.

Сето ова Владата го презеде со цел, во рамките на своите надлежности и објективни можности, да им помогне на претпријатијата кои, без нивна вина, западнаа во тешка финансиска состојба. Меѓутоа, Република Македонија со ниту еден акт не ги презеде побарувањата по основ на изведени работи и остварен извоз во Ирак. Наплатата на овие побарувања е предмет на Компензационата комисија во Женева до која 24 претпријатија од Република Македонија имаат поднесено барања и документација за наплата на побарувања од Ирак и Кувајт во вкупен износ од 287,8 милиони САД долари во кој е вклучена главницата, каматата и провизии. Според информациите добиени од Мисијата на Република Македонија при ООН во Женева, не се знае колку ќе трае постапката за донесување одлуки и за исплата на средствата.

Поаѓајќи од ваквите состојби, Владата на Република Македонија, во рамките на билансните можности на Буџетот на Републиката, со предложениот закон нуди трајно решение на проблемот со наплатата на тие побарувања. Имено, се предлага донесување на закон за откуп на побарувањата на правните лица од Република Макеоднија, од Ирак и Кувајт од страна на Република Македонија. Предмет на откуп ќе биде до 50% од износот на пријавени побарувања од страна на претпријатијата до Компензационата комисија во Женева, намалени за досега исплатените средства од Буџетот на Републиката, односно предмет на откуп може да бидат најмногу до 137,1 милиони САД долари. Ваквото решение се предлага од причина што Компензационата комисија не ги има потврдено пријавените износи, така што постои можност побарувањата да бидат надоместени во помал износ од пријавениот.

Со законот се предлага Република Македонија да изврши откуп на побарувањата на претпријатијата по основ на извршени работи во Ирак и Кувајт со дисконт од 60%, и за откупените побарувањата на претпријатијата да им издаде бескаматни обврзници. Доколку претпријатијата дадат согласност да им се откупат побарувањата од Ирак и Кувајт во висина од 50 % од пријавените во Женева, би се издале обврзници на износ од 54,8 милиони САД долари, односно во износ од 3.052,2 милиони денари.

Обврзниците ќе гласат во денари и на име и ќе се пренесуваат со индосамент. Претпријатијата ќе можат да ги користат обврзниците за плаќање на обврски спрема Агенцијата за санација на банка, за плаќање на обврски спрема Агенцијата за трансформација на претпријатијата во општествена сопственост и за откуп на државен капитал во претпријатијата што е понуден на продажба. Обврзниците ќе можат да се користат и за плаќање на обврските кон јавните претпријатија, доколку за тоа постои интерес. Покрај овие намени, дадена е можност претпријатијата да ги пренесуваат обврзниците на други правни и физички лица, заради нивна употреба при откуп на државниот капитал во претпријатијата, во процесот на приватизација на правните лица и за плаќање на достасани обврски спрема Агенцијата за санација на банка. Плаќањето на обврските со обврзници ќе има третман на плаќање во готово, што значи претпријатијата ќе можат да ги користат сите поволности за плаќање во готово.

Надоместот што претпријатијата ќе го добијат од Комисијата за компензација при Организацијата на обединетите нации, ќе го уплатуваат на сметката на Буџетот на Републиката, најдоцна во рок од 5 дена од денот на добивање на надоместот.

На крајот, сакам да истакнам дека предложениот закон е во функција на подобрување на ликвидноста и финансиска состојаба на претпријатијата кои без своја вина се најдоа во тешка економско - финансиска состојба. Заради тоа, предлагам да се доцесе закондт вопредложениот текст. поради тоа би ве замолила за поддршка на Законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали некој бара збор.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Бидејќи инвестиционите работи одеа преку една дирекција која што ја основа југословенската Влада, нормално е преземајќи ги ние обврските кои ги има направено таа Влада во однос и на Македонија некако ми е прифатливо да се прифатат обврските кои што се направени со Ирак од причините кои што беа овде изнесени. Со една забелешка, бидејќи се занимавам со овој проблем подолго време, мислам дека тие побарувања не се толку, тие се рапидно помали и Владата треба да биде внимателна кога оперира со вакви цифри и тогаш кога ќе се види колку се тие поба-рувања, тогаш тој износ нема да биде 60%, можеби ќе излезе некаде близу 100%. Тоа е една работа на која што сакам да укажам.

И друга работа, тоа е што во ист кош се ставаат и побарувањата од Кувајт и нема причина затоа што Кувајт не е ниту под санкции, ниту под ембарго. Кувајт треба тие побарувања практично да ги плати и Владата треба да седне и со кувајтската Влада да ги расчисти тие работи.

Исто така, предлагам износот на овие побарувања Владата да формира една комисија и во контакт со ирачката Влада, со дирекцијата која сеуште има некои луѓе кои се во состојба да ги дадат тие податоци и со стопанските организации да го потврди правиот износ на побарувања. Во спротивно мислам дека можеме да упаднеме во големи грешки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Владимир Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, сметам принципиелно дека навистина беше крајно време Владата да реагира со еден ваков Предлог на закон, бидејки познавајќи ја состојбата во стопанството посебно во градежниот сектор, односно познавајќи ја состојбата во градежните претпријатиа и тоа големи градежни претпријатија како што се Пелагонија, Гранит и Бетон, Маврово кои како носители на многу градежни објекти во тоа време пред распадот на Југославија беа дирекно вклучени во изведување, или индирекно вкучени во изведување на објекти во Ирак и Кувајт. Велам крајно време е за една ваква реакција, бидејќи голем број од тие фирми, градежни фирми се наоѓаат во една навистин; крајно критична состојба. Јас би спомнал само еден пример на градежната фирма Пелагонија која некаде побарува од Ирак околу 80 милиони долари кои и ден денеска и покрај сите напори што ги вложува не успеа да добие од тоа ниту еден цент, а верувам дека и сите друп градежни фирми имаат свои побарувања, кои ете конечно Владата реши да реагира со еден ваков Закон.

Прво, би рекол моја забелешка е точно тоа што Владата прифаќа само да се расправа за 50% од вкупниот износ на побарувањата. Имено, ако тие побарувања 257,7 милиони долара, тоа значи дека со барањата од 50% тој износ се намалува, практично, 135 милиони долари, каде што градежните фирми, вклучувајќи ги и оние средства што од Буџетот досега се давани спрема она што и слушавме во уводниот дел, практично, останува мал дел од тие пари да стигнат до крајните побарувачи, односно до градежните фирми кои практично, еве веќе долго време ги очкуваа тие пари, кои пари би требало на некој  начин да ги санира во оваа тешка состојба. Исто така, не ми е јасен и дисконтот од 60% на кој начин е прифатен и како и искалкулиран и исто така би барал, ако е можно, сега на оваа седница претставникот на Владата да не информира на кој начин се дошло до вакви калкулации и по она прашање што претходно го поставив, зошто само 50% од тие побарувања се бараат. Зошто не не се бараат повеќе, тоа до таа комисија до Женева. Ке повторам, има ситуација посебна, велам  во градежните фирми каде што состојбата е критична и каде што секој долар кога мора да се извлече од ваква ситуација и тоа како би значело и влијаело во санација на сегашната состојба на градежните фирми. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

За збор се јави господинот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Во контекст на мојата дискусија ќе потсетам, исто така од мене за поставеното пратеничко прашање на последната седница на која се расправаа пратенички прашања за тоа дали Владата на Република Македонија подготвува решение за регулирање на стажот, пензиски-от стаж и стажот на осигурување на работниците од градежните претпријатија, кои се во позначителен број, а кое решение се по нивните сознанија и по нивните комуникации со претставници од надлежните министерства за стопанство, финансии и урбанизам се очекуваше да биде регулирано конкретно со овој закон, односно преку откуп на побарувањата на правните лица, пред се градежните претпријатија на нивните побарувања од Ирак и Кувајт од страна на Република Македонија. Меѓу другото, реално се очекуваше да се даде можност преку тие така бескаматни обврзници да се има овозмо-жување да се регулира и стажот на осигурување, односно пензискиот стаж на поголем број работници од овие градежни претпријатија, а во чии рамки се вклопува и очекувањата на 60 до 70 работници и од општина Кавадарци и од градежното претпријатие "Пелагонија". Како што јас го читам законот и онаму во член 7 е регулирана намената на овие бескаматни обврзници, не е децидирано, покрај овде наведените таксативно намени за плаќање на втасани, а ненаплатени обврски спрема Агенцијата за санација на банките, спрема Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и откуп на државен капитал на претпријатијата понудени за продажба, не е наведено дека може со овие обврзници да се наплаќа стасаните, а не наплатените обврски на придонеси од фондовите за пензиско и инвалидско осигурување и вработување, кои што фактички и го утврдуваат и стажот на осигурување. Ве уверувам дека ова очекување е големо и да не речам, единствено реално од поголем број на работници кои што ете, со нивното ангажирање во овие градежни претпријатија, поради ненаплатените придонеси за пензиско осигурување неможат да остварат или социјални права во заводите за вработување или право на пензија, иако работниот век го имаат чесно и поштено ислужено.

Во таа насока предлагам да се конкретизира и од претставникот на Владата да ми се одговори дали со овие обврзници можат овие правни лица да наплаќаат втасани а ненаплатени придонеси на Фондот за пензиско инвалидско осигурување и на Фондот за вработување. Овде како што пишува во ставот 2 на член 7 се кажува де ка може да се наплаќаат не обврски спрема јавни претпријатија,  а тие јавни претпријатија е широк поим, јас сакам да се одговори и да се конкретизира.  Имам амандман, но ако е одговорот на Владата позитивен во насока на моето прашање, мислам дека со тоа би се содржало, штом е овозможена таа можност, нема потреба од амандман. Тоа ми е и сугестијата.

Инаку, овде во ставот 2 на член 7 се предвидува плаќање на обврски спрема јавни претпријатија, тоа може да биде за вода, за струја и тн., поширок е поимот, конкрено е прашањето, дали во таа можност за плаќање обврски спрема јавни претпријатија е содржана и можноста за наплата на придонеси за пензиско и инвалидско и за вработување кои не се јавни претпријатија, еве терми нолошки јавни служби.

Ова го барам како одговор од претставниците, за да бидам начисто дали понатаму да поставувам со амандмани по однос на сугестијата која ја предлагам, да биде овозможено со овие обврзници да се плаќаат и втасаните, а ненаплатени обврски, односно придонеси на Фондот за пензиско осигурување и за Фондот за вработување, што е голема насушна потреба и големо очекување на голем број на работници, кои единствено преку овој закон го очекуваат и решавањето на својот пензиски стаж, а со тоа и стекнување на право на пензија. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господин Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Само неколку реченици, би го надополнил и Панче, па ќе речете зошто се јавив сега по однос на овој  закон. Меѓутоа,  лично сметам дека добро е што Владата веќе овде прави напори да се вратат тие пари од Ирак и од Кувајт, заради тоа што во структурата на лицата кои се корисници на

определени социјални права, морам да кажам дека се наоѓа еден од поголемиот број на градежни работници кои работат во фирмите "Техника", "Маврово", "Пелагонија", дури и во нашиот "Козјак" во Куманово и мислам дека таа категорија на луѓе се доведени во ситуација и кои имаат заработено своја плата, сепак да не ја добијат, меѓутоа пак да биде терет на државата. Во тој контекст мислам дека и овој закон има доста и свој социјален аспект во која смисла ако веќе Владата предвидува дел од средствата да се подмируваат платите, веќе заработени плати, тогаш е добро. Ако не е предвидено, мислам дека е штета овие работници, кои работеле, да не кажам, под неповолни услови, а заработиле одредена плата, да не можат да дојдат до својата плата, а веќе носиме одреден закон. Господинот Минов го спомна членот 2.

Меѓутоа, тој рече дека тој член е недоречен и мене доволно не ме убедува дека од овие средства вкупно колку изнесуваат, кажуваше овде дека се работи за големи долари, меѓутоа, зборувам за тоа дали сега овие работници на некој начин кои работеле пет, 10 години ќе се партиципира во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во однос на признавање, односно партиципацијата, заради тоа што овие лица не се во можност да одат по старосна пензија токму заради тоа што тие пет години кога работеле не им било уплатено пензиско и инвалидско осигурување.

Меѓутоа, втора работа, што за мене е уште поважна, она што Панче го спомна, во однос на исплата на плати. Она што веќе го заработиле лугето таму слушам дека имаат по 50 илјади, па дури и до 100 илјади во зависност од нивната работа, од тој аспект мислам дека Владата треба да преземе и да ми каже сега да ми даде еден одговор во прилог на тоа, дали од вкупните средства овие што треба сега да се вратат, ако може така да се каже, колку процентот изнесува и се дава предност за исплата на плати на овие работници кои веќе ги заработиле, а кои практично ги нема. А, во тој контекст станале социјални случаи и ние како држава веќе на нив ги правиме, да не кажам, дополнување на нивната плата во однос на работниот однос. Би било добро тоа да го потенцираме во интерес на граѓаните кои сега не слушаат. Мислам дека многу граѓани кои работеле во овие градежни организации, а кои посебно се погодени од кувајтската, да не кажам и ирачката состојба, се доведени во социјална положба, не слушаат, па сега оптимистички би гледале, еве сега дојде крајот дека и ние ќе дој-деме во ситуација да примаме некои пари, а во интерес на граѓани-те. Ова не зборувам од пратеничката група на Социјалистичката партија, тоа е мој личен став. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Бидејќи имаше неколку прашања ќе се потрудам да им одговорам на пратениците, најпрво, на прашањето зошто Владата не прави напори за целосно да ги пријави овие вкупни побарувања што ги имаат нашите претпријатија. Да кажам дека Владата прави напори и веќе тие се пријавени во вкупен износ до Комисијата на Обединетите Нации и во Женева, онака како што претпријатијата ги пријавија до Владата во вкупен износ. Сега, зошто се иде со процентот од 50% за регулирање, односно за откуп на вкупниот долг на претпријатијата. Во Владата имаше повеќе размислувања, имаше и различни алтернативи. На крајот се заклучи, бидејќи овие побарувања на претпријатијата од Ирак и од Кувајт сеуште не се потврдени од страна на Комисијата на Обединетите Нации во Женева. Ние имаме добиено дека другата страна, Ирак и Кувајт, целосно се согласуваат со вкупно пријавените обврски, побарувања од нашите претпријатија па заради тоа Владата се одлучи на едно, да речам, половично решение. Во овој текст

на законот што го имате денеска пред вас е понудено дека побарувањата кои што ги имаат нашите 24 претпријатија од Ирак и од Кувајт во овој закон се регулираат, се врши откуп од страна на Република Македонија во вкупен износ од 50%. Сега, имаше уште едно прашање околу тоа зошто дисконтот е 60%. Сметаме дека овие обврзници треба да ги имаат овие побарувања, кои што ќе бидат преточени во обврзници, треба да имаат своја реална вредност. Пазарната вредност за која што се утврди со одредени согледувања од страна на Министерството за финансии кои што беа предложени до Владата, се сметаше дека овој дисконт од 60% е реален, поради тоа што овие обврзници кога ќе се издадат ќе бидат, како што реков и во излагањето и како што има во законот, ќе бидат средство за плаќање во готово. Со овие обврзници претпријати-јата, на пример, можат да речеме, во Агенцијата за санација на банка да ги откупат своите побарувања, исто така, со одреден дисконт кој што ги дава таа агенција и до 50, 60 и до 70%, зависи од условите кои што ќе ги понуди соодветното претпријатие.

Понатаму, ќе се потрудам да одговорам и на прашањето кои се тие јавни претпријатија. Во овој закон се мисли само на јавни претпријатија кои што ги основала Републиката. Што значи тука се ПТТ, Топлификација, Железници и да е ги бројам, сите. Оние кои што Републиката ги основала јавни претпријатија, тие можат, ако се заинтересирани да вршат откуп на обврзници од стра-на на овие 24 наброени претпријатија.

Понатаму, да кажам и тоа дека во законот не е предвидена можност со овие обврзници да се плаќа, на пример, придонесот за пензиско, здравствено вработување. Исто така, исплатите на пла-ти бидејќи работниците треба да добијат обврзница. Заради тоа не е предвидено исплата на плати. Вие, почутувани пратеници, на клупите сигурно, ако забележавте, има еден амандман од страна на една група на пратеници кои што предлагаат и разрешување на овој проблем, односно откуп на побарувањата од Ирак и Иран и за пензиското, здравственото вработување и персоналниот данок. Ако можев да одговорам, ако нешто не испуштив, тоа е суштината на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Господин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Јас само би дал еден краток коментар на објаснувањето на претставникот на Владата. Мислам дека побарувањата кои се презентирани пред Комисијата во Женева за Ирак, односно Кувајт, ако во стартот ние ги обезвредниме со 50%, јас верувам дека и таа другата страна, тоа значи Ирак и Кувајт прашање колку и од тие 50% ќе признаат. Сметам дека тука требаше да се направи напор да се зголеми тој процент. Исто така, би коментирал и за дисконтот од 60% дека се обезвреднуваат тие вредности едноставно затоа што таквите обврзници, како што рече претставникот на Владата што се користат за откуп на делот преку Агенцијата за продажба на претпријатијата како средства за откуп на претпријатијата.

Меѓутоа, прашање е дали тие 60% е права вредност или се да кажам, или е вредност која премногу ја обезвреднува сумата која треба да ја имаат како крајна сума на претпријатијата. Велам состојбата во градежните фирми е многу тешка, тие побаруваат големи суми, а со ваквите обезвреднувања во старот на 50% и потоа дискантот од 60% ќе кажам дека навистина мал дел од таа сума ќе искомпензираат крајните корисници, односно крајните побарувачи, а тоа се фирми кои вложиле и материјал и работна рака, посебно што имаме голем број на работници кои очекуваат да добијат барем нешто од тие побарувања што ги имаат за оној труд што го вложиле во тоа време во тие земји, во Ирак и Кувајт. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Претставникот на Владата, госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Мислам дека бев јасна. 50% е заради тоа што не знаеме дали целосен износ од она што е пријавено до Комисијата ќе биде прифатено од истата Комисија. Понатаму зошто се зема дисконт од 60%.

Видете господа пратенции, секогаш има одреден ризик кога откупуваш одредени побарувања кои што во моментов се ненаплатливи. Инаку ако можеле препријатијата и самите ќе си ги наплателе, еве да речеме, во овие неколку изминати години. Тоа е дисконт кој е определен врз основа на оценка на наплатливоста на овој вид побарувања. Инаку, во крајна линија како што стои во Законот секое претпријатие ако има интерес може да го прифати овој предлог и да склучи договор со министерот за финансии. Ако нема таков интерес нема задолжување тоа да го направи било кое од овие 24 претпријатија, кои што имаат свои побарувања.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо. Јас ќе се осврнам само на делот од 60%, кои се одземаат дирекно од оние кои ја извршиле работата во Кувајт, кои вложиле многу труд, а кои им се одземаат од државата само затоа што ќе има ризик околу наплатата на долговите од Кувајт и од Ирак.

Јас мислам дека во овој случај државата се поставува како најголем лихвар кој на име од своите претпријатија кои работеле за овие држави, работеле за своите фирми оствариле приход и сега само заради тоа државата колку ризик ќе има во наплатаа во тие долгови си зема дури 60%. Тоа значи од 250 милиони долари, или некоја сума од 250 милиони долари, што значи околу150 милиони ќе бидат одземени.

Друго, зошто пак државата го носи овој закон, а преку меѓународните институции не побара сите долгови што се да ги наплати, да вложи труд тие долгови да се израмнат. Сите оние кои имаат долгови и побарување ќе бидат наплатени и 60% не се наплаќаат од државата. Значи алудирам на тоа дека апсолутно државата во овој случај на оние кои работеле, подигнале објекти, граделе, за тоа имаат сигурно и документација, сега државата само затоа што ќе се јави во улога на посредник за наплата даземе 60%. Апсолутно лихварски.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Јас навистина цело време настојувам да им одговорам на пратенциите, а сега најпрво да кажам дека дражвата, односно Владата не се откажува од наплата на побарувањата што ги имаат нашите 24 претпријатија. Напротив, со преземањето односно откупот што го врши државата им се зголеми на некојначин положбата државата да ја изврши таа наплата.

Понатаму, воопштоне станув азбор дека од над 270 милиона 60% се прави дисконт и лихварската улога на државата тука ја гледате. Најпрво да кажам дека од тие 270 милиони во овој вакум се врши откуп само на 50%. Други 50% остануваат за да се утврди дали има можност и дали тој ќе биде износот кој што е пријавен во Комисијата на Обединетите нации во Женева. Зошто 60% дисконт. Па, ако тие се толку реални побарувања, кои што навистина можеле досега да се наплатат тоа нашите претпријатија сигурно ќе го стореле и ќе имале досега прилив на средства 100%. Но, знаете во вакви ситуации е многу тешка наплатата од страна на овие две земји кои што се предвидени. Тоа најдобро го знаат нашите градежници кои што таму работеле.

Сега еден добар предлог со кој што се смета да се разреши можеби дел од проблемите што ги имаат претпријатијата наброени 24 што ги имате на крајот на законот да го осуетувате и постојано да барате некоја мрачна сила. Навистина овој чекор се презема со добра намера за овие намени кои што се предвидени по законот имаме и амандмани, имаме и најва дека нешто друго

треба да се со законот, за што мислам дека во текот на расправата сигурно се покаже.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Околу добрите намери и на една поговорка која вели "патот до пеколот е послан, но само со добри намери". Јас не сакам да чујам за добра намера која ја има Владата, јас знам дека Владата на РМ и државанта администрација е сервис на оваа држава и таа е платена да работи, да ги наплати долговите. Отука не ја гледам улогата на државата која треба да заграби од работниците кои работеле 60%, само затота што треба да ја обави таа должност за која што е платена да ја изврши.

Друго, сега малку ми отварате повеќе размисли, Вие нудите 60%, па доколку тие пари се искористат за некои цели тие ќе бидат ослободени со 40, 50 или 60%. Дирекно упатувате на некои работи кои луѓето кои си го заслужиле тој динар да учествуваат или да откупуваат некои дејности кои нив не ги интересираат. Нив ги интересираат пари.

Значи, Владата треба да се потруди да донесе тука пари и тие пари да бидат вратени на оние кои ги заработиле, а потоа они ќе одлучат што ќе направат со тие пари.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Последен пат ќе станам по претходниот пратеник. Навистина ако претпријатијата имаат можност да наплатат 100% овој закон таквата можност воопшто не ја осуетува, туку напротив дава можност ако тие сметаат дека можат да наплатат 100% воопшто да не склучат договор со министерот за финансии за регулирање на нивните побарувања во износ од 50%, што им ги нуди овој закон.

Инаку, за напорите што се прават сигурно најдобро може да кажат овие 24 претпријатија што ги има овде. Напорите што они ги прават, а сигурно и преку институциите на државата.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер. Неколку збора во врска со овој закон.

Очигледно дека некои колеги сакаат да му се даде друга конотација на еден потез кој што сметам дека е за поздравување, особено што се работи за побарувања кои десетина години се провлекуваат во нашата држава. Така да Владата едноставно сака да помогне и да го забрза и процесот на трансформација каде што овие средства и обврзници, односно фирмите ќе ги дадат и во Агенцијата за санација на банки и во Агенцијата за трансформација. Никако не држи зборот лихварство. Апослутно не може да се вклопи во целта што сака да ја постигне законот.

Потоа беше спомнато дека државната администрација требало да помогне. Точно е тоа и јас мислам дека требало и треба да помага, бидејќи ризикот на влошување, или земање работа во странство во земји особено каде што се водат војни, или ќе се водат војни навистина ризикот го сноси и самата фирма која ја зема таа работа. Но, дипломатските претставништва и амбасадите што РМ ги има и порано ги имала, се тие кои треба да дадат информации од прва рака дали, на пример "Гранит" или "Пелагонија" да вложуваат таму и да преземаат работи кои утре ќе треба да ги извршуваат, или тие ќе пропаднат. Плус тоа не се работи само за градежници, туку се работи за сплет на фирми кои го пратат градежништвото. Тука е "Емо" -Охрид и други фирми кои едноставно помагаат во изведувањето на тие објекти. Овде ми се чини дека Владата има друга намера, дел на работи што буквално се прецртани, или едноставно отпишани, простени да ги надомести, да им помогне на фирмтие, а државата нема да се откаже, преку Женева 270 милиони долари, да ги наплати од Република Кувајт или од Ирак. Сметам дека добар потез е ова и е во функција да им помогне на стопанствениците.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници. Со оглед на веќе обилните дискусии јас ќе бидам краток.

Најпрво сакам да кажам дека сепак од образложението на г-ѓат заменик министер не сме доволно убедени од каде токму тој процент. Еве да го разбереме тоа дека е невозможно целиот износ да се наплати и од таму прифаќам лично, бидејќи навистина самите градежни фирми и "Пелагонија" и "Техника", "Гранит", "Илинден" правеле долгогодишни обиди да ги наплатат тие побарувања и не успеале.

Сега се поставува прашањето напроцентот, односно на дисконтот. Јас се убедив дека е тоа невозможно од објаснувањето на г-ѓата земник министер, меѓутоа за мене останува диелмата како е дојдено токму до тој процент од една страна и она што го нагласија и другите пратеници, зошто тоа право да не се прошири. Г-динот Станковски рече дека нив ги интересираат парите и тоа е точно. Меѓутоа, ако е и тоа невозможно, и во тоа ако сме убедени дека луѓето кои толку време работеле под тешки услови, а знаеме дека на добар дел од тие градежни работници уште малку им недостига доостварувањето на правото на пензија, зошто бидејки јавните претпријатија се државни претприајтија, Фондот е јавна служба, ние сеуште немаме за жал, закон за дражвна управа, меѓутоа кога ќе го донесеме ќе се види дека фактички статусот и положбата на Јавното претпријатие, јавната органиазција, Фондот и органот на урпава е идентична секаде, се разбира освен оние јавни претпријатија кои ќе бидат приватизирани.

Отаму навистина се придружувам кон напорите наовие пратеницк и сметам дека Валдата треба да го прифати тоа да можат со овие обврз-ници да си ги подмируваат обврските за пензиско и инвалидското осигурвање, бидејки огромен дел од овие работници да им недостига уште година, две, три, пет работен стаж до пензија, а знаеме каква е состојбата во градежните претпријатија дека голем дел од нив се стечајни работници, дел од нив се технолошки вишоци, а дел од нив работат односно не примаат плата и не им се плаќаат придонеси, тука треба да се направи уште еден поголем чекор, да се прифати тој амандман за да им се помогне на луѓето. Инаку никој не се сомнева во добрата намера на овој закон, за кој што сите ние имаме различни видувања, меѓутоа сепак го поддржуваме. Мислам ако се прифати да можат тие работници да ги подмируваат обврските према Фондот за пензиско – инвалидско осигурување ќе остварат право на пензија и ќе се реши еден проблем.

Исто така, семтам дека е ова добра прилика, никој не се сомнева дека Владата правела напори, меѓутоа очигледно е дека во овој случај постои невозможност правните субјекти, односно претпријатијата да ги наплатат. Секаде во светот во такви случаи се вклучвуа државата. Државата ја презема таа активност за наплата, тоа е нормално посебно во овие услови во кои сме. Мислам дека треба да продолжи со тие напори за да ги наплати во што поголем процент ако е можно. Исто така добра прилика е и со воените оштети за воените дејствија, кои што беа можеби сега или во друга прилика да не информира, бидејки беа поставувани пратенички рпашања. Дел од тие беа одговорени, дел не, бидејки некои од граѓаните доаѓаат доводе и информираат дека дирекно се обратиле до Комиеијата на Обединетите нации во Женева и од таму добиле одговор дека средствата што треба да ги добие РМ по основ на воени дејствија наскоро ќе бидат пратени. Мислам дека во тој правец треба да продолжат напорите без оглед на тоа што сме во предизборна сезона.

На крајот би апелирал да се прифати залагањето на група пратеници да им се признае правото на работниците од градежните претрпијатија да си ги подмируваат обврските према фондот.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Ова прашање е многу посложено отколку што изгледа. Ние еден сегмент од овие проблеми сега третираме и мислам дека овде треба да биде во основа тоа што ние преземаме обврски кои што се створени во една друга држава, а ние како Парламент ги преземавме. Овде се рече ако нашите градежни претпријатија изведуваат такви работи во некои земји дека државата ќе стои зад тоа. Државата не стои зад такви работи. Тоа значи дека ќе стои и зад зделките на целокупното стопанство што нема да се наплати. Затоа мислам дкеа потполно треба да се разликува таа работа.

Меѓутоа јас мислам дека овој закон треба малку повеќе да е прошири или да се донесе друг закон за побарувањата што ги имаат нашите стопанските органиазции од поранешните ЈУ републики. Затоа што и тие побарувања не можеа да се наплатат поради војните што беа во Југославија, поради санкциите према поедини Југословенски Републики.  Има дури и случаи каде што имаше извршни судски решенија и соодветните земји не ги спроведоа тие решенија. Ние сме се обраќале до Владата повеќе пати и други стопаноки органиазции се имаат обраќано, Владата сеуште на ова прашање нема одговор. Исто така и тука е во прашање војна, исто и тука е не спроведување на одлуки каде што постоел еден правен систем во земјата и јас мислам дека и ова прашање треба по детално да се проучи.

Инаку,  јас сум за тоа да се прифати овој закон, затоа што сепак е едно олеснување и покрај тоа што нема плаќање во готово, олеснување е за овие органиазции, а во кеш плаќање не е и во состојба оваа држава да го направи.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Јас би молел претставникот на Владата по внимателно да ме слушне. Не сум задоволен од одговорот и од објаснувањето на заемникот минситер за финансии од следните причини.

Јас имам поставено пратеничко прашање децидно за изнаоѓање решение за регулирање на пензискиот стаж на работниците од градежните претпријатија, кои што не можат да остварат право на пензија или право на други социјални примања, заради тоа што овие претпријатија не ги имаат измирено придонесите за пензиско инвалидско осигурување и социјално осигурување. Од претставникот на Владата, а тоа е актуелниот министер за стопанство г-динот Рикаловски беше одговорено дека, со овој закон се изготвува и ќе се предлага од Владата решение и за ова конкретно прашање. Во содржината на предлогот од Владата тоа прашање не е уредено, што се потврди и од одговрот што се подразбира под   јавни претпријатија и кои обврски можат овие правни лциа, чии побарувања ќе се откупат да ги регулираат спрема јавните претпријатија. Најавувам дека фактички доаѓа во еден неконтинуитет во незастапувањето на претставниците на Владата, и наместо одговор на моето прашање фактички ми се насочува дека некои пратеници веќе имаат амандмани по тоа дека ќе се најде решение и за плаќање на придонесите.

Мислам дека ако е крадење на една позитивна иницијатива на претставник на опозицијата прашањето да се реши со овој закон, тоа ми е мене лично задоволство од колегите на СДСМ, кои го предлагаат овој амандман, но тоа не е суштината на конкретното прашање, бидејки со тоа решение што се нуди таму и најверојатно кое е во координација и усогласено со претставникот на Владата, бидејки таму има некои датирања и некои нови состојби кои што се неминовни да се предлагаат во претходна консултација со претставник на Владата. Не е тоа суштината на прашањето. Таму се вовлечува обврски да се плаќаат и за државата, односно данок од добивка, персонален данок, данок на промет на производи и услуги и т.н. Значи покрај ова што значи решение за работниците се воведув и интересот на дражвата. Покрај тоа се плаќаат и заостанатите обврски. Еднаш некое решение да се даде кое нема да биде покрај за државата и за работниците, туку ќе биде исклучиво една мерка која ќе биде стручно наменета да можат овие правни

лица од градежни претпријатија кои и така се во многу незавидна материјално - финансиска состојба да можат со овие средства, кои што преку обврзници ќе им се дадат, да можат пред се приоритетно да ги платат обврските спрема работниците, а не да се условуваат, како што предлагаат овие пратеници од СДСМ, покрај тоа да се платат и обврските на Буџетот и на државата.

Сметам дека тоа е дијаметрално различен приод и инсистирам претставникот на Владата во континуитет за застапвање, како што е и пб одговорот на пратеничкото прашање и го искажа актуелниот министер за стопанство, дека во овој закон ќе се најде решение за регулирање на придонесите на работниците од градежните претпријатија, меѓу кои ќе напомнам застапувам одреден број од мојата општина, за да бидат во можност тие претпријатија да им го регулираат стажот и со тоа да остварат право на пензија, бидејќи безизлезна е нивната состојба и други решенија не постојат.

Во таа насока, сугестијата моја е претставникот на Владата да го прифати амандманот што го предлагаме ние неколку пратеници од ЛДП, кој децидно се однесува за наплата на стасаните а ненаплатени придонеси и тоа на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и. на Фондот за вработување, што е жив интерес на тие работници, бидејќи само тоа ги задоволува во очекувањето на нивните права или за некои социјални барања или за остварување на право на пензија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара: збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за откуп на побарувањата на правните лица од РМ од Ирак и Кувајт од страна на РМ.

Молам, да се провери колку пратеници се присутни во салата и дали можеме да гласаме.

(Во меѓувреме во слата влегуваат повеќе пратеници).

Овој закон да годонесеме, па ќе дадам пауза за да може да се проучи излагањето на министерот од страна на пратениците.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отоврам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК оподнеее амандман на член 1.

Пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски и Никола Г Поповски поднесоа амандман за менување на член 7, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Здравко Стојковски и Душан Николовски поднесоа амандман на член 2 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Панчо Минов, Зоран Шапуриќ и Владимир Соколовски поднесоа амандман на член 7 став 1 за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик на министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Здравко Стојковски и Душан Николовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, амандманот поднесен од г-динот Здравко Стојковски и Душан Николовски кој што се однесува за измена на член 2 всушност, што се сака со овој став 2 односно нов став 3 по ставот 2. Со овој амандман се бара побарувањата кои се помали од 1,5 милиони американски долари да бидат целосно земени во откуп, значи за нив да не важи она што е предвидено во членот 2, односно 50%. Овој амандман вака како што е конципиран неможеме да го прифатиме од следните причини.

Пријавените побарувања во Женева сеуште не се утврдени од Комисијата на ООН и сеуште обештетувањето како краен износ не е прецизен. Значи, ако го прифатиме овој амандман, излегува и тој ризик од претходната констатација, бидејќи она што е пријавено во Женева е само врз база на евиденцијата на нашите претприајтија.

Од овие причини во оваа фаза и овој момент Владата се определи за откуп на побарувањата во висина од 50% од вкупниот износ од пријавените во Женева. Инаку, ако се прифати вака предложениот амандман, тогаш ќе го наруши и претходниот став на вкупниот износ на законот, бидејќи тој нема да биде 131 милион, сигурно ќе биде многу повеќе за сите овие побарувања кои би се откупиле во износ над 1,5 милиони американски долари.

Понатаму, со овој амандман се прави нееднаков третман меѓу сите правни лица кои ги имаме на список односно на сите 24 правни субјекти бидејќи со откупот од 100% кај едните претпријатија и откупот од 50% кај другите претпријатија го нарушуваме тој еднаков пристап кон сите кои имаат побарувања кон овие две земји.

Од тој аспект овој амандман е неприфатлив, а економски гледано е поцелесообразно да се откупи износ кој што би го имале оние претпријатија што имаат поголем износ да побаруваат од овие земји. Поради тоа сметаме дека амандманот вака како што е конципиран неможеме да го прифатиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Здравко Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, и да не се прифати амандманот јас за овој закон ќе гласам, бидејќи нмислам дека е добар потег на Владата за оние кои имаме побарувања како што се во Ирак и Кувајт, а и мојата организација има побарувања таму. Мислам дека ова е добро, подобро нешто отколку ништо.

Што не наведе нас да предложиме амандман? Бидејќи со обврзниците барателите ќе можат да ги користат за плаќање на обврските спрема Аганецијата за санација на банки, плаќање на обврските спрема Агенцијата за трансфбрмација на претпријатија со општествен капител, откуп на државен

капитал и плаќање на обврски спрема јавните претпријатија, уверен сум дека во најголем дел така и ќе се случи. Значи, државата нема да изгуби, туку само ќе се трансформираат обврските. Оттука мислиме дека овој амандман ќе биде во корист на фирмите и ќе имаме некаква полза од тоа. Само од тие причини го предложивме и молиме ако сакате да гласате. Анаку, реков и без тоа ќе го поддржам овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

18 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 7, поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Александар Гештаковски и Никола Г. Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Овој амандман не го прифаќаме, бидејќи Владата се определи само за оние намени во законот кои ги имате, почитувани пратеници, во членот 7. Има неколку аргументи и противаргументи за тоа. Сигурно, за прифаќање на овој амандман беа укажувањата кои беа од повеќе пратеници за регулирање на прашањето за работниот стаж на одреден број работници кои се во сите овие 24 претпријатија наброени овде. Но, сепак сметавме дека намените кои треба да се користат од овие обврзници треба да останат на она што е предвидено во член 7. Само некој аргумент кој може да го прифатите, а може да не го прифатит, а тоа е следниов:

Ако се прифати овој амандман на г-динот Минов, сигурно ќе се регулира работниот стаж на сите тие работници и од градежништвото, но таму има како што забележавте и во ткстилната индустрија соодветен број работници кои сигурно не го имаат регулирано тоа прашање. Но од друга страна ќе имаме доста намален прилив во Фондот за пензиско осигурување, бидејќи обврзницата на некој начин е средство кое ќе ги ослободи вработените, но ќе го намали вкупниот обем на средствата што би се прибрале во Фондот за пензиско осигурување, фондот за вработување во буџетската каса. Од тие причини, а сигурно ви реков вие имавте аргументи кои можете да ги изнесете. Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Ване Наумоски.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Амандманот поднесен од колегите сметам дека е добар и го подобрува текстот. Бидејќи членот 7 е оној што регулира во доменот како тие средства ќе се трансформираат и давањето приоритет на данокот на промет, данокот на добивка и акцизите и втората алинеја на придонесите, сметам дека добро е систематизирано како решение. Јас незнам од кои причини Владата не го поддржува, додека другите алинеи го регулираат она што е регулирано во Агенцијата за санација на банки и во Агенцијата за трансформација на претпријатијата. Потоа сметам дека навистина колегите се погрижиле добро да го формулираат и доколку се прифати, апелирам до колегите пратеници да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господо пратеници, госпоѓо заменик министер, го прочитав убаво законот, ги прочитав амандманите од првиот до

последниот и да ви кажам право не сакав да се замешам воопшто во оваа работа. Вие знаете дека јас сум искрен. Оваа работа ми личи, ако добро ја разбира некој, односно мислам дека сите ја разбираме, би требало да ја разбереме, од еден џеб ќе извадиме нешто, ќе ставиме во некој друг џеб. Или ако направиме една тест сметка, контирање на тоа и налози само ќе издадеме, оттука ќе одат, ваму ќе се вратат, пак ќе оди во општествено политичката заедница тука, во држвата пак останува. Што да прават овие луѓе што е тоа дискант, тој англиски назив, односно попуст. Тешко нив. Тешко е заради тоа што не гарантираше државата, но во тоа време такви беа времињата. Тоа што сега даваат кредити, тоа што се задолжуваме, гарант е Собранието. Собранието потпишува, Владата односно Собранието. За тоа ние тука ратификуваме спогодби. Меѓутоа луѓето останаа посиромашни за тие износи, бедни, пропаѓаат. Јас мислам дека ова што се предлага, барем да се платат овие работи што се однесуваат на социјалното итн., тоа треба да се прифати и не треба г-ѓа Славјанка воопшто да осети дека г-динот Таки Фити ќе и каже нешто таму или ваму. Тоа пак тука е. И тие пари пак се наши, односно на државата.

Инаку да ви кажам право јас кога бев газда, односно кога би било мое приватно претпријатие, не би дал ни цент. Јас не би се согласил да потпишам договор со дисконт од 60%, за 50% ќе расправме, односно не знам кога ќе наплатиме. Па ќе направиме. Кога ќе направиме ќе ја задолжиме Владата да ги наплати тие средства и да ги врати на тие кои треба да ги врати, а не тие да бидат сопственост на државата. Заради, пак, Агенцијата итн. Незгодно ми е што го зборувам ова, меѓутоа овој амандман треба да се прифати.

Добро го прочитав и амандманот на колегата Минов и тоа е тоа. Барем тоа да се направи. Навистина нема смисла. Ништо не губиме. Од еден џеб ваѓаме во друг ставаме и тоа пак е во државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам,на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (52).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2, поднесен од пратениците Панчо Минов, Зоран Шапуриќ и Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувајќи ја волјата на Собранието, мислам дека овој амандман е беспредметен, ако веќе го имаме усвоен претходниот амандман од страна на пратениците.

Значи Владата не го прифаќа овој амандман.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Поздравувајќи го прифаќањето на претходниот амандман и во едно големо задоволство за едно потврдување на парламентарната демократија при усвојувањето на овој амандман од сите пратенички групи, во чест на тоа јас го повлекувам амандманот.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за откуп на побарувањата на правните лица од РМ од Ирак и Кувајт, од страна на РМ.

Преминуваме на 4-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклуичок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (60).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (59).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници. Барам само една дополнителна иНформација дали може законот донесен денеска, кој ќе стапи во сила после 8 дена, да се применува од 1 јануари ретроактивно. Дали не се коси со Уставот каде што има член кој што санкционира ваква ретроактивна примена, ако не е во корист на крајните корисници. Овде немаме убедлив доказ дека овој закон ќе биде во корист на крајните корисници.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Сметаме дека Законот со последниот член треба да се прифати така како што е предложен, бидејќи е во интерес на правните субјекти, а зошто?

Заради тоа што со овој закон се дава можност на сите правни субјекти во РМ кои досега имаа обврска да поднесуваат полугодишна пресметка, сега таа обврска ја немаат, а тоа им го овозможува претходниот закон. Заради тоа и во ЗПК се прифати ова како аргумент и сметам дека треба да го респектира и Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 3 за менување на став 2, за додавање нов член 3-а, за бришење на став 8 на член 4 и за бришење на членовите 9,18,21,22,23,26,30,34,35 и 36, за менување на член 28 и за бришење на член 29.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман за додавање нов член 46-а.

Заради рационалност сега ќе отворам претрес по сите овие амандмани на ЗПК, бидејќи со нив се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе ако има некој спорен, ако не нека се произнесе по сите.

Има збор г-ѓа Славјнка Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈНКА СТОЈАНОВА:**

Сметам дека сите пет амандмани што се предложени од ЗПК држат и го подобруваат текстот на законот и треба да се прифатат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 46-а, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Славјанка Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Бидејќи во овој амандман Комисијата за финансирање и буџет ни сугерира да се овласти ЗПК на Собранието да утврди пречистек текст на Законот за сметководство, сметаме дека и овој амандман треба да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60).

Дали има некој против? (Нема).

Воздржани? (Нема).

Молам за информација колку пратеници се присутни во салата.

Присутни се 63 пратеници, значи имаме кворум за работа.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за сметководство.

Објавувам пауза до 16 часот.

Молам до тогаш да се проучи, а Службата да го умножи излагањето на министерот Насер Зибери.

Поради немање на кворум после паузата седницата прекина со работа.

Претседателот ги извести пратениците дека за продолжување на седницата ќе бидат дополнително известени.

(Седницата прекина со работа во 16,40 часот).